Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10,51/11, 123/12, 164/12, 93/13, 163/13, 42/14, 44/15, 192/15, 39/16, 99/18, и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.89/22), Министерството за транспорт и врски, на ден __.__.2022 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

**1.** За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ и ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, кој го донесува Министерството за транспорт и врски, не е потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

**2.** Како органи засегнати од имплементација на Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ и ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, се определуваат: општина Штип, Министерство за транспорт и врски, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерство за култура - Управа за заштита на културното наследство, Министерство за здравство, Министерство за економија, Дирекција за заштита и спасување, А.Д. Водостопанство на Република Македонија", ЕВН, МЕПСО, Македонски Телекумуникации, Комунални претпријатија, здруженија на граѓани, претставници од стопанскиот и граѓанскиот сектор и др.

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од Член 65 став 4 од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината на образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена, донесувањето Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-ИНФРАСТРУКТУРА, Е1.13-ПОВРШИНСКИ СОЛАРНИ и ФОТОВОЛТАИЧНИ ЕЛЕКТРАНИ во КО ЈАМУЛАРЦИ И КО СКАНДАЛЦИ, ОПШТИНА ШТИП, нема да има влијание врз животната средина од следните причини: фотонапонските електрани, односно електроцентралите од обновливи извори на енергија (фотонапонски панели) не претставуваат значителни извори на емисии, кои можат да го нарушат квалитетот на животната средина и здравјето на луѓето. Добиената енергија од обновливи извори има позитивно влијание врз квалитетот на животната средина и обезбедување на одржлив развој.

**4.** Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос од втор степен во рок од 15 дена од денот на објавување на одлуката на веб страната http://mtc.gov.mk.

Бр. 21-1597/7
Датум: 25.11.2022
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски